## Предавање на проф. д-р Роман Кунич во КОАОИ

**Наслов на предавањето:**

**Advanced insulation materials and sistems in buildings, and energy savings**

Мој предлог за превод на македонски:

**Напредни изолациски материјали и системи во згради и заштеда на енергија**

**Абстракт:**

Барањата во законската регулатива се рефлектираат врз сè поголеми и поголеми дебелини на топлинско-изолациски слоеви во надворешната обвивка на зградите. Напредните иновативни супер-изолациски материјали се одговор на барањата за големи дебелини на слоевите во надворешната обвивка. Европската директива го воведува изразот „близу до нула енергетски згради“.

**Биографски податоци за проф. д-р Роман Кунич:**

Роман Кунич е вонреден професор, виш научен соработник, истражувач и раководител на Катедрата за згради и градежни елементи (КЗГЕ). Дипломирал на Факултет за градежништво и геодезија во Љубљана во 1986 на тема „Акустика на зградите, просторот и акустична изолација". Во 1990 завршил магистерска теза под наслов „Компјутерски програм за анализа на осончување на згради и природно осветлување на простории“. Во меѓувреме ги завршил и магистерските студии (Master Degree in Administration) на американскиот Универзитет во Клемсон, Јужна Каролина, САД (1997). На Факултет за градежништво и геодезија докторирал во 2007 на тема "Дизајнирање на проценка на влијание врз градежни елементи причинето од забрзано стареење на битуменски ленти". По 25-годишно искуство во економија, главно поврзано со индустрија на градежни изолациски материјали, тој се вратил на факултет.

Области на неговото истражување и развој се: нови термички, акустични и хидро-изолациски материјали и системи, напредни материјали (вакуумирани изолациски панели, транспарентна топлинска изолација ...), евалуација на животната средина и одржливоста, анализа на забрзано стареење и проценка на животниот циклус, анализа на динамички термички одговор на згради. Тој е автор на осум патенти.

На студиите за градежништво и архитектура, предава по предметите: „Згради“, „Напредни материјали“, „Реновирање на згради“, „Процена на одржливост на згради“. Исто така, тој бил автор или коавтор на повеќе од 80 завршени дипломски, магистерски и докторски одбрани.

Членува во професионални и научни асоцијации: IZS - Словенечка Комора на инженери, ISES - Меѓународно друштво за соларна енергија, Член на организацискиот комитет "Магијата на дрвото".

**Забелешка:**

Проф. д-р Роман Кунич ќе говори на српско-хрватски јазик а проекција на темата ќе биде на англиски.

Д-р Петар Николовски